Стефан ЧИЧЕВАЛИЕВ

Е-ЗДРАВСТВО – ПРЕДИЗВИК ИЛИ ПОТРЕБА

Контекст и значење на проблемот

Здравствениот сектор секогаш се потпирал на технологии. Според Светската здравствена организација (СЗО), технологиите го формираат столбот на услугите за спречување, дијагностицирање и лекување на болести. ИКТ се само една категорија на широк спектар на технологии кои се веќе во употреба. Со правите политики, организација, ресурси и институции, ИКТ може да бидат моќни алатки во рацете на оние кои работат за подобрување на здравјето.

ИКТ поддржува собирање на податоци и помага во трансформацијата на истите во информации за унапредување на политиките. Тие се овозможувач на развивање на силни здравствени политики засновани на докази, како и на нивното спроведување. Тие се силна алатка за зајакнување на здравствените системи и овозможуваат здравствена заштита фокусирана на пациентите. Примената на ИКТ во здравствените системи и здравството може да ја зголеми нивната ефикасност, да

Авторот е магистер по право и помлад истражувач, Национален координатор на Швајцарскиот совет за бегалци

влијае врз подобрување на здравјето и квалитетот на животот и да овозможи вклучување на иновации што водат кон подобро здравје.

Денес, во целиот свет, се бележи подобрување на здравјето, често и како директен резултатод ИКТ. Иновациите во е-здравје како што се електронски здравствени досиеја, компјутерски системи за издавање рецепти и клинички бази на податоци го трансформираа здравствениот систем, и носат уште поголеми ветувања за иднината. ИКТ го поддржува клиничкиот третман, обезбедува платформа за објавување и дисеминација на здравствени предупредувања со превентивни цели и поддршка заадминистративните функции.

Е-здравјето влијае врз здравствената заштита. Здравствените системи се дел од поширокисистеми, како што се системите за социјална помош и други општествено корисни системи. Затоа, еволуциите во општеството, како што е развојот на информатичката и телекомуникациска технологија и правилата за ИКТ систем, влијаат и ќе продолжат да влијаат на здравствените системи.

Со зголемувањето на прекуграничните активности во здравјето, особено во системи како тој на Европската Унија, но и други (користење на здравствена заштита во држава со која е склучен билатерален договор за здравствена или социјална заштита), пациентите се повеќе бараат здравствена заштита во други држави, од различни причини. Лекарите се повеќе бараат разновидни телематски информации од нивните колеги, за разлика од претходно. Лекарите, болниците и лабораториите се повеќе користат ИКТ и компјутерски апликации за да комуницираат со здравствени податоци за третман и за други намени.

Денес, ИКТ и воведувањето на ИЗИС е реална потреба за државите, институциите, лекарите и пациентите, како и за надминување на предизвиците со кои се соочуваат здравствените системи.

Во Република Македонија не може да се зборува за систем на здравствени информатички и комуникациски технологии, туку повеќе за индивидуални системи кај некои учесници во системот. Анализата на постојните решенија покажува значајни разлики од една до друга болница, но општата тенденција е целосен недостаток на ИКТ и непостоење на интегриран болнички информатички систем (ИБИС). Исто така, видливо е дека и кај установите кои имаат некакви информатички системи, тие се така конципирани што е предизвик да се обезбеди размена на податоци со другите учесници во системот.

Во Република Македонија, се разви системот „Мој термин“ со цел за прибирање и размена на податоци и развој на нови 30 е-услуги достапни на осигурените лица.

Оваа новина донесе користи и предизвици од практична и правна природа коишто треба да се истражат и да се адресираат како што е соодветно, така што новото, македонское-здравједа продолжи да се развива во правата насока и да може да ги обезбеди резултатите кои се очекувани, без при тоа да ги прекрши човековите права.

Покрај тоа, Македонија е дел од европскиот регион и светот. Исто така, земјата има аспирации да стане земја членка на ЕУ. Оттаму, следењето на законодавството на ЕУ од оваа област претставува значајна водилка и коректор на националните напори.

Во моментот, во Македонија не постои посебно законодавство кое што го регулира прашањето за е-здравје. Генералната законодавна рамка со која се регулира ова прашање се состои од неколку закони како Законот за здравствена заштита, Законот за заштита на личните податоци, Законот за заштита на правата на пациентите, Законот за здравствено осигурување и Законот за здравствена евиденција.

Национални политики во областа на е-здравство

Политиката на Македонија во областа на е-здравство се состои од неколку елементи, и тоа:

1. Заокружување на системот на Фондот за здравствено осигурување;
2. Имплементација на болнички информативни системи во избрани болници;
3. Развој на единствени регистри (унифицирани кодни системи);
4. Воведување ИКТ во примарната здравствена заштита со цел обезбедување електронско известување;
5. Воведување Електронска здравствена картичка;
6. Дијагностички сроднигрупи (ДСГ)***;*** и
7. Електронски здравствени картони.

Исполнувањето на овие цели зависи од интензитетот на имплементација на Стратегијата за развој на Македонски интегриран здравствен информатички систем, правните предуслови, ИКТ и инвестициските предуслови, безбедноста и етиката на информатичките системи (пристап, енкрипција, итн.), приватноста и инфраструктурата,и архитектурата на здравствениот информатички систем.

Денес, во Македонија, речиси целосно се имплементирани ИКТ во примарната здравствена заштита со цел обезбедување електронско известување, електронската здравствена картичка и дијагностичките сродни групи. Останатите елементи се во тек на имплементација.*Се*

додека не се имплементираат сите елементи на Стратегијата и доддека не се обезбеди нивно функционално поврзување не може да се зборува за функционален интегриран здравствен информатички систем.

Препораки за нови политики и имплементација

- Усогласување на законските прописи и создавање на усогласена законска рамка за регулирање на областа е-здравје (без оглед на тоа дали тоа ќе претставува еден или повеќе прописи).
- Унапредување на интеграцијата на трите нивоа на здравствена заштита (примарна, секундарна и терцијарна) со цел за унапредување на организацијата на здравствениот систем и заштеда на време и средства, како на пациентот така и на системот, како и за подобра комуникација и подобро споделување на податоци, кои ќе доведат до подобра информираност и унифицираност на здравствениот систем.
- Унапредување на системот за Електронски здравствени картички за да се намали оптоварувањето на администрацијата на здравствениот систем, здравственото осигурување и пациентот.
- Унапредување на администрацијата која работи со е-здравје за да се зајакне системот и да се овозможи подобар пристап до здравје за секого.
- Унапредување на безбедноста на системот за прибирање и споделување на податоците.
- Унапредување на вкупната архитектурата на здравствениот систем, на сите нивоа и во сите области, за подобро спроведување на целите и иницијативите зацртани во Стратегијата за развој на Македонски интегриран здравствен информатички систем.
- Зајакнување на интерсекторската соработка и размена на информации.
- Обезбедување нафункционално поврзување на елементите за функционален интегриран здравствен информатички систем.

Извршно резиме

Воведувањето на информатичките и комуникациските технологии (ИКТ) во здравството и создавањето на интегриран здравствен информациски систем (ИЗИС) придонесува за градење на подобар здравствен хуманоцентричен систем, подобра комуникација и размена на информации на сите нивоа на здравствена заштита, ги намалува трошоците и го заштедува времето како на пациентите така и на институциитеи промовира еднаквост и социјална правда. На овој начин воведувањето на ИКТ и создавањето на ИЗИС влијае врз унапредувањето на здравјето на поединецот и населението во целина.

Ваков значаен потфат нужно бараособено внимание за да се постигнат очекуваните цели на ИКТ и ИЗИС. Необмисленоста на стратегиите и нецелосната имплементација на овие системи може да доведе до сериозни проблеми, како што се, нарушување на приватноста преку неовластено споделување на лични податоци и податоци за здравствената состојба на населението, неунифицираноста на правните норми односно на правната рамка може да доведе до користење на зголемен број на тужби за докторите и за институциите, ниското ниво на интеграција на трите нивоа на здравствената заштита може да доведе до зголемување на јавните трошоци и потрошено време што ќе резултира со незадоволно население, односно ќе го измести фокусот од човекот и од заштитата на неговите права на здравје, приватност, заштита на личните податоци, како и од одговорното трошење на јавните средства.

Од тие причини, неопходно е да се развие и примени одговорна и добро обмислена стратегија во областа, што претпоставува унифицирана правна рамка, интегрирање на трите нивоа на здравствениот систем, унапредена и добро структурирана комуникација и рамка за одговорно споделувањето на информации во системот, зајакната инфраструктура на институциите и архитектура на здравствениот информатички систем, со јасна рамка на одговорност и овластувања.

Референци

1. Стратегија за развој на Македонски интегриран здравствен информатички систем: http://zdravstvo.gov.mk/wp-content/uploads/2015/06/IT_strategija_IZIS.pdf
2. Building Foundations for eHealth, Report of the WHO Global Observatory for eHealth: http://www.who.int/goe/publications/bf_FINAL.pdf
3. WHO, National eHealth Strategy Toolkit: http://www.who.int/ehealth/publications/overview.pdf
4. StefaanCallens, The EU Legal Framework on e-Health, page 561-588:http://www.euro.who.int/__data/assets/pdf_file/0008/138185/E94886_ch13.pdf